-

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP

# Демант

ЈП „Комунална хигиена“-Скопје во целост ги **демантира** наводите објавени на социјалните мрежи од страна на поединци и невладини организации, во коишто се тврди дека во пресрет на почетокот на Супер купот на УЕФА, ќе се спроведе масовно убивање на бездомните кучиња во центарот на градот.

Би сакале да ве информираме дека Градот Скопје од 2007-та година го спроведува Проектот за третман на бездомните кучиња според принципите за **хуман третман на животните**, имплементирајќи ја програмата наречена „Залови, стерилизирај, врати**“** („Catch, neuter, release“), осмислена од Светската асоцијација за заштита на животни (WSPA) и Кралското здружение за заштита на животните на Велика Британија (RSPCA). Програмата е поддржана од Светската здравствена организација (WHO) и **одобрена од Советот на Градот Скопје,** а се имплементира во стационарот за бездомни животни „Вардариште“.

Во согласност со оваа Програма, бездомните кучиња се заловуваат од страна на специјализирана, обучена и опремена Служба за хуман третман и контрола, по што се транспортираат во стационарот „Вардариште“.

Би сакале да го потенцираме фактот дека секое заловено куче го прегледува екипа од **ветеринарни доктори** коишто проценуваат дали животните се здрави и дали со своето однесување претставуваат опасност за безбедноста на граѓаните.

Само **заболените, премногу старите, како и прекумерно агресивните кучиња** се подложуваат на еутаназија, додека здравите животни се стерилизираат, прочистуваат од внатрешни и надворешни паразити и се вакцинираат против беснило. Доколку не бидат вдомени за време на престојот во Стационарот, тие се одбележуваат со ушна маркичка и се **враќаат на локацијата од којашто биле заловени.**

Во однос на спроведувањето на Програмата за хуман третман на животните и потребните хигиенско-технички стандарди, Стационарот е под **инспекциски надзор на Агенцијата за храна и ветерина на РМ.**

Со почит,

**ЈП „Комунална хигиена“-Скопје**

ж.с-ка / zhiro.llog 300000000398027 ком.б; 200000098823689 сто.б; 210045289720181 ту.б.; 360016010042297 пос.б.; 530010101070538 ох.б.; 370011100075815 еу.б.
ул. 7 јули br. 40 централа 2621-695 и 3118-525 директор 3220-827 факс 2621-448 і 3118-632 деж.тел. 3246-644
rr.7 korriku nr.40 centrali 2621-695 dhe 3118-525 drejtori 3220-827 fax-si 2621-448 dhe 3118-632 tel.kujd. 3246-644
www.khigiena.com.mk